ПРВ КОЛЕКТИВ НА СЕКСУАЛНИ РАБОТНИЦИ НА БАЛКАНОТ

Согласно член 13, член 14, член 15, член 16 и член 17 од Статутот на Здружение за поддршка на маргинализирани работници СТАР-СТАР Скопје (пречистен текст, последна измена од 2022 година) за членство во Здружението, Здружението ги дефинира правата и обврските за пристап кон членство, усвојувајќи го следниот:

# ПРОТОКОЛ ЗА ЧЛЕНСТВО

**на**

## Здружение за поддршка на маргинализирани работници СТАР-СТАР Скопје

(ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ, ПОСЛЕДНА ИЗМЕНА 2023 ГОДИНА)

Здружението за поддршка на маргинализирани работници СТАР-СТАР Скопје е граѓанска, непрофитна, самостојна, непартиска, доброволна организација, основана заради заштита, унапредување и промоција на основните човекови права на лицата кои се занимаваат со маргинализирани професии. Граѓаните се здружуваат во Здружението заради остварување заеднички цели и интереси, како и за остварување поширок општествен интерес преку промоција на социјална правда, партиципативна демократија, заштита на човековите права, еднаквост, недискриминација и владеење на правото.

Членовите на Здружението веруваат дека почитувањето на основните човекови права и слободи и правото на слободен избор на професија, се основни принципи за здраво, демократско и толерантно општество.

### 1.КАТЕГОРИИ И РЕГИСТЕР НА ЧЛЕНСТВО НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Здружението води две (2) категории на членство:

-Членови од редовите на заедницата која што Здружението ја застапува;

-Поддржувачи на визијата, мисијата, целите и вредностите на Здружението.

Здружението за своите членови и поддржувачи води регистер на членство кој се ажурира најмалку еднаш годишно по пат на Јавен повик објавен на интернет страницата на Здружението.

Се води посебен регистер за членови од заедницата и посебен регистер за поддржувачи на Здружението, со пополнување на претходно соодветно креирани табели со пополнување на податоците дадени од членовите на Здружението наведени во пристапниците (Анекс 3 кон Протоколот за членство).

Здружението ја гарантира безбедноста на личните податоци на членовите и поддржувачите. Личните податоци се заштитени согласно

интерните акти, политиките и правилниците за заштита на личните податоци на Здружението кои се подготвени согласно Законот за заштита на лични податоци („Службен весник на РСМ" бр. 42/20).

Одлука за приемот на редовни и активни членови на заедницата носи Управниот одбор на Здружението на писмен предлог на Претседателот и/или Извршниот директор.

## 2.КРИТЕРИУМИ ЗА ПРИСТАПУВАЊЕ КОН ЧЛЕНСТВО НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Здружението ги утврдува следниве критериуми за пристапување кон членство на членови од редовите на заедницата која што Здружението ја застапува:

-Кандидатот за член да биде полнолетен граѓанин на Република Северна Македонија;

-Да се идентификува и припаѓа на заедницата на сексуални работници која вклучува машки, женски и трансродови сексуални работници, сегашни и/или поранешни;

-Да ја поддржува мисијата и визијата, целите и вредностите на Здружението кои се јавно објавени на интернет страницата на Здружението;

-Да учествува во остварување на целите и задачите на Здружението кои се јавно објавени на интернет страницата на Здружението;

-Редовно или повремено да учествува во активностите кои произлегуваат од работната програма на Здружението;

-Да ги застапува и промовира интересите на Здружението.

Здружението ги утврдува следниве критериуми за пристапување кон членство на поддржувачи на визијата, мисијата, целите и вредностите на Здружението:

-Кандидатот за поддржувач да биде полнолетен граѓанин на Република Северна Македонија;

-Да ја поддржува мисијата и визијата, целите и вредностите на Здружението кои се јавно објавени на интернет страницата на Здружението.

Сите членови на Здружението ќе пристапат своеволно кон Здружението, прифаќајки ги во целост Статутот, одлуките, етичкиот кодекс на однесување и сите останати акти од основачкото Собрание на Здружението.

## 3.ОПИС И СТЕКНУВАЊЕ НА ЧЛЕНСТВО ВО ЗДРУЖЕНИЕТО

Член на Здружението може да биде секој полнолетен поединец и граѓанин што ги споделува визијата, мисијата, целите, вредностите, начелата и правилата за работа на Здружението.

Сите членови на Здружението имаат еднакви права и обврски, без оглед на нивната расна, етничка, верска, религиска, политичка, полова или родова припадност, социјален, имотен или образовен статус, сексуална определба, како и разлики по било која друга основа.

Кандидатите за членови со намера да стекнат членство со право на глас во Здружението, а се идентификуваат како припадници на заедницата која што Здружението ја застапува, до Здружението поднесуваат:

-Пристапница за членство на членови од редовите на заедницата, во печатена или електронска форма;
(Анекс 1 кон Протоколот за членство)

Редовните и активните членови од заедницата имаат право да избираат или да бидат бирани како членови на органите на Здружението и да учествуваат како делегати на Генералното Собрание. Овие членови имаат право на глас во одлучувачки процеси на Здружението и Генералното Собрание, може да бидат носители на извршни функции во Здружението и може да бидат активни во работата на Здружението.

Здружението овозможува и регистрирање на поддржувачите на СТАР-СТАР Скопје кои не припаѓаат од редовите на заедницата која Здружението ја застапува, а кои ја поддржуваат мисијата и визијата на СТАР-СТАР Скопје, и директно или индиректно придонесуваат во застапување на каузата на Здружението.

Кандидатите за поддржувачи со намера да стекнат придружно членство без право на глас во Здружението, до Здружението поднесуваат:

-Пристапница за поддржувачи на визијата, мисијата, целите и вредностите на Здружението, во печатена или електронска форма;
(Анекс 2 кон Протоколот за членство)

Поддржувачите на Здружението немаат право на глас во одлучувачките процеси на Здружението и Генералното Собрание, не можат да бидат носители на извршни фукнции во Здружението но може да бидат вклучени во работата на Здружението.

Пополнувањето на Пристапница за членство на членови од редовите на заедницата (Анекс 1 кон Протоколот за членство) и пополнувањето на Пристапница за членство на поддржувачи на визијата, мисијата, целите и вредностите на Здружението (Анекс 2 кон Протоколот за членство) треба да ги задоволува одредените критериуми од страна на СТАР-СТАР Скопје кои се јавно и транспарентно објавени.

Пристапниците се разгледуваат на седница на Управниот одбор кој одлучува за доделување статус на член на Здружението.

На својата прва наредна седница Собранието одлучува за доделување на статус на полноправен член.

Собранието може да расправа и да донесе одлука за одземање на статусот на полноправен член или поддржувач и доделување или повторно доделување на статус придружен член.

Членството на членови од редовите на заедницата во Здружението и членството на поддржувачи во Здружението е бесплатно, односно Здружението не наплатува чланарина. Членовите од редовите на заедницата во Здружението и Членовите–

поддржувачи во Здружението немаат право да бараат финансиски или било каков друг материјален надоместок за нивното членство во Здружението.

**4.ПРАВА И ОБВРСКИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО**

Членовите на Здружението од редовите на заедницата ги имаат следните права и обврски:

- Да гласаат и да бидат гласани и да учествуваат во процесот на донесување на одлуки на седници на Собранието;

-Да бираат и да бидат бирани во органите на Здружението;

-Да учествува во работата на органите, телата и извршната канцеларија на Здружението;

-Да предлага решавање на прашања од заеднички интерес;

-Да дава придонес кон развој и унапредување на општествените и други активности кои произлегуваат од Статутот, програмските цели и задачи и усвоените одлуки и заклучоци;
-Да ги застапува интересите и ставовите на Здружението;

-Да бара стручна и друга помош од областа на материјата;

-Да поведува иницијативи и предлози заради остварување на целите и задачите на Здружението;

-Да постапува согласно Статутот, актите и одлуките на органите и телата на Здружението и позитивните законски прописи.

Членовите на Здружението од редовите на заедницата се полноправни членови со право на глас и учество во одлучувачки процеси.

Поддржувачите на визијата, мисијата, целите и вредностите на Здружението ги имаат следните права и обврски:

-Да ги застапува визијата, мисијата, целите, вредностите и начелата на Здружението;

-Да ги застапува интересите и ставовите на Здружението;

-Може да присуствуваат на седници или расправи на извршните органи на Здружението без право на глас, по претходна покана од Претседателот на Здружението или Управниот одбор.

Поддржувачите на визијата, мисијата, целите и вредностите на Здружението се симпатизери на Здружението без право на глас и учество во одлучувачки процеси.

**5. ПРЕСТАНОК НА ЧЛЕНСТВО**

Членовите на Здружението го задржуваат правото да го напуштат членството на СТАР-СТАР Скопје од било кои причини, со претходно доставена писмена изјава. Здружението ќе го евидентира напуштањето на членството најдоцна во рок од 15 дена од денот на приемот на изјавата за напуштање на членство.

Членството во Здружението престанува во следните случаи:

-Истапување по сопствена желба со изјава во писмена или електронска форма испратена до Претседателот на Здружението или Управниот одбор;

-Смрт на член;

-Со разрешување и одземање на членство.

СТАР-СТАР Скопје го задржува правото да разреши член од Здружението, кој не ги испочитувал критериумите, обврските и задачите наведени во Протоколот за членство и во член 16 од Статутот на Здружението.

Членот и поддржувач на Здружението се разрешува во случаи кога:

-Членот дејствува спротивно на одредбите од Статутот;

-Не ги почитува и извршува одлуките на органите на Здружението;

-Ја попречува работата на органите на Здружението;

-Не ги почитува визијата, мисијата, целите, вредностите и начелата на Здружението;

-Ги прекршува етичките кодекси и другите правни акти на Здружението;

-Создава и учествува во конфликти со други членови на Здружението;

-Ги омаловажува угледот, достоинството и репутацијата на Здружението.

За разрешување и одземање на членство од Здружението одлучува Собранието со мнозинство гласови од присутните претставници по претходен предлог и расправа.

## 6. ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПРОТОКОЛОТ ЗА ЧЛЕНСТВО

Протоколот за членство на Здружението (пречистен текст, последна измена 2023 година) стапува во сила од денот на донесување на Одлука за усвојување пречистен текст на протоколот за членство на Здружение за поддршка на маргинализирани работници СТАР-СТАР Скопје (пречистен текст, последна измена 2023 година), донесена од страна на Собранието на Здружението.

**Број 02-131/2**
**25.03.2023 година**
**Скопје**

Потпишано од Претседателот
на ден 25.03.2023 година
во Скопје, по претходна Одлука на
Собранието на Здружението бр. 02-131/1.